**Инфо билтен – јануари 2024**



**Повици**

Отворен оглас за вработување на координатор за финансии и администрација во Еко-свест.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

34 градоначалници потпишаа Декларација за активна заштита на животната средина и ублажување на климатските промени.

Амбасадорката на Шведска ја посети Зелената комуна Белица во рамки на завршниот настан на проектот на под-грантистот Македонско Еколошко Друштво. Прочитајте ги нејзините импресии.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Погледнете ги 10-те онлајн видеа и разгледајте ја соодветната публикација со совети и насоки за граѓански организации за различни законски одредби од најрелевантните закони кои се опфатени во видеата.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Доколку имате потреба од помош и поддршка за изготвување писмено мислење или коментар, можете да се обратите до МЗМП преку формуларот на следниот линк.

**Енергија**

Гасификацијата ќе биде прескапа за македонските граѓани. Најновата студија покажува дека стратегиите и плановите за гасификација на државата ги потценуваат трошоците и ги преценуваат можностите на гасификацијата. Преземете ја целосната студија.

Сите најнови ресурси за паметното енергетско планирање, заедно со картата за одржливи локации најпогодни за поставување на соларни и ветерни централи се наоѓаат на овој линк.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

**Води**

Разгледајте ја оваа правна анализа на националното законодавство за укинување на дозволи за експлоатација на водни ресурси при производство на електрична енергија во заштитени подрачја.

**Заштита на природа**

Идентификувајте и мапирајте растителни видови кога се движите во природа со помош на мобилната апликација Inaturalist, достапна и на македонски јазик. Сега сите може со граѓанска наука да придонесат кон заштитата на природата.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Публикации**

Во најновото издание „Sustainability Index" на издавачот Springer прочитајте го написот кој се осврнува на енегетската демократија, граѓаните и граѓанското учество во енергетската трансформација, подготвена од Вања Цинлев.

**Медиуми**

Конференција за климатска отпорност – заеднички да се справиме со климатските промени.

Чадот – тивок убиец на Битолчани. Тематска сторија на Здружението на новинарите на Македонија.

**Разно**

Урбанистичките планери и градежниците сѐ повеќе обрнуваат внимание на топлотните бранови кои ги погодуваат градовите и осмислуваат мерки за ладење во нивното планирање. Прочитајте за искуствата од Базел и Цирих.

Сега е време да почнете да ја планирате вашата пролетна градина. Иако нема податоци за Македонија и нашиот регион, сепак онлајн алатката Pollinator Pathmaker може да ви даде корисни идеи и насоки како да креирате градина за вас и за сите корисни инсекти и животинки во неа.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.